СТРУМИЦА

**ЈПКД**

# КОМУНАЛЕЦ

**СТРУМИЦА**

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## ЗА 2024 СПОРЕДЕНО СО 2023 година

ФЕВРУАРИ 2025
СТРУМИЦА

## 1. Институционална поставеност и дејност на претпријатието

ЈП Комуналец - Струмица (понатаму именувано како ЈПКД) е формирано како комунално претпријатие со одлука на Собранието на општина Струмица на 28.11.1989. Статутот на ЈПКД е усвоен од Управниот одбор на 27.11.2009 година. ЈПКД согласно статут ги обезбедува следните услуги:

1. Производство, обработка и снабдување со вода за пиење
2. Собирање и отстранување на отпадни и атмосферски води
3. Собирање, преработка и отстранување на цврст отпад
4. Одржување на паркови, рекреативни подрачја и гробишта
5. Одржување на јавна хигиена
6. Изнајмување недвижен имот
7. Изградба/реновирање на инфраструктура за водоснабдување и отпадни води

Со Статутот се утврдува ЈПКД како независен правен субјект, управуван од страна на директор кој го именува градоначалникот на општината. Управувањето го врши Управниот одбор, кој се состои од 5 члена. Надзорот над финансиското сметководство го врши Надзорниот одбор, кој го формира Советот на општината. Надзорниот одбор се состои од 5 надворешни членови.

*Претпријатието, финансиските извештаи ги подготвува во согласност со законските прописи (член 469 од Законот за трговски друштва) и Меѓународните сметководствените стандарди (МСС) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) што се прифатени и објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за водење сметководство во (Службен весник на РСМ бр.159/09,164/10, и 107/11) кои се применуваат во Република Македонија

## 2.Организација и вработени

Моменталната екипираност и организациона структура за 2024 год. за ЈПКД е организирано во 10 сектори и две одделенија директно управувани од директорот, со моментален број на вработени на крајот на годината односно на 31.12.2024 година изнесува 377 вработени, споредено со состојба на 31.12.2023 година кога бројот на вработени изнесува 353

Просечниот број на вработени во текот на 2024 година изнесува 337 вработени споредено со 2023 кога просечниот број на вработени изнесува 332.

## 3.Остварени деловни резултати

Во 2024 година односно (01.01-31.12.2024) ЈПКД Комуналец Струмица искажува позитивен финансиски резултат –добивка од редовното работење пред оданочување во износ од 354.755,00 денари.

Вкупните приходи за периодот (01.01-31.12/2024) бележат зголемување во споредба со истиот период 2023 година во износ од 1.767.088,00 денари а за анализираниот период вкупните расходи се зголемени за износ од 1.672.918,00 денари.

Табела 1.1: Преглед на вкупни приходи и расходи 2024 година за период 01.01.-31.12/2024

| | | |
|---|---|---|
| 1 | ВКУПЕН ПРИХОД | 380.809.385,00 |
| 2 | ВКУПНИ РАСХОДИ | 380.454.630,00 |
| 3 | ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 354.755,00 |
| 4 | ДАНОЦИ ОД ДОБИВКА | 152.844,00 |
| 5 | ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | 201.911,00 |
| | Распоредена за: | |
| а) | СРЕДСТВА ЗА РЕЗЕРВИТЕ | 8.430,00 |
| б) | РЕИНВЕСТИРАНА ДОБИВКА | 193.481,00 |
| в) | НЕРАСПРЕДЕЛЕНА ДОБИВКА | 0,00 |

1.2: Биланс на успех за период 01.01.-31.12.2024 споредено со истиот период 2023 година

(во денари)

| Ред. бр. | Биланс на успех за годината што завршува на 31.12.2024 година | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Тековна година 24 | Претходна година 23 |
| 1 | 2 | 3 | 5 | 6 |
| I. | **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)** | 201 | 378.743.738,00 | 377.174.828,00 |
| 2. | Приходи од продажба | 202 | 365.643.676,00 | 365.894.252,00 |
| 3. | Останати приходи | 203 | 13.100.063,00 | 11.280.576,00 |
| 4. | Промена на вредноста на залихи на готови производи и на недовршено производство | XXX | XXX | XXX |
| 4.а. | Залихи на готови производи и на недовршено производство на почетокот на годината | 204 | 762.500,00 | 735.000,00 |
| 4.б. | Залихи на готови производи и на недовршено производство на крајот на годината | 205 | 715.000,00 | 762.500,00 |
| 5. | Капитализирано сопствено производство и услуги | 206 | 0,00 | 0,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| II. | **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)** | 207 | 380.024.863,00 | 377.044.881,00 |
| 7. | Трошоци за суровини и други материјали | 208 | 94.701.509,00 | 100.653.171,00 |
| 8. | Набавна вредност на продадени стоки | 209 | 0,00 | 0,00 |
| 9. | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 210 | 0,00 | 0,00 |
| 10. | Услуги со карактер на материјални трошоци | 211 | 46.482.733,00 | 65.776.071,00 |
| 11. | Останати трошоци од работењето | 212 | 12.739.660,00 | 12.267.987,00 |
| 12. | **Трошоци за вработени (214+215+216+217)** | 213 | 196.525.606,00 | 170.871.240,00 |
| 12.а. | Плати и надоместоци на плати (нето) | 214 | 123.396.135,00 | 111.275.908,00 |
| 12.б. | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 215 | 9.428.982,00 | 8.401.826,00 |
| 12.в. | Придонеси од задолжително социјално осигурување | 216 | 51.645.382,00 | 46.542.109,00 |
| 12.г. | Останати трошоци за вработените | 217 | 12.055.107,00 | 4.651.397,00 |
| 13. | Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 218 | 29.119.658,00 | 26.798.116,00 |
| 14. | Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства | 219 | 0,00 | 0,00 |
| 15. | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 220 | 25.083,00 | 236.853,00 |
| 16. | Резервирања за трошоци и ризици | 221 | 0,00 | 0,00 |
| 17. | Останати трошоци од работењето | 222 | 430.614,00 | 441.443,00 |
| III. | **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)** | 223 | 2.065.647,00 | 1.867.468,00 |
| 19. | **Финансиски приходи од односи со поврзани друштва (225+226+227+228)** | 224 | 0,00 | 0,00 |
| 19.а. | Приходи од вложувања во поврзани друштва | 225 | 0,00 | 0,00 |
| 19.б. | Приходи по основ на камати од работење со поврзани друштва | 226 | 0,00 | 0,00 |
| 19.в. | Приходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва | 227 | 0,00 | 0,00 |
| 19.г. | Останати финансиски приходи од работење со поврзани друштва | 228 | 0,00 | 0,00 |
| 20. | Приходи од вложувања во неповрзани друштва | 229 | 0,00 | 0,00 |
| 21. | Приходи по основ на камати од работење сонеповрзани друштва | 230 | 2.065.647,00 | 1.867.468,00 |
| 22. | Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 231 | 0,00 | 0,00 |
| 23. | Нереализирани добивки (приходи) од финансиски средства | 232 | 0,00 | 0,00 |
| 24. | Останати финансиски приходи | 233 | 0,00 | 0,00 |
| IV. | **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)** | 234 | 382.267,00 | 1.764.331,00 |
| 26. | Финансиски расходи од односи со поврзани друштва (236+237+238) | 235 | 0,00 | 0,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 26.а. | Расходи по основ на камати од работење со поврзани друштва | 236 | 0,00 | 0,00 |
| 26.б. | Расходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва | 237 | 0,00 | 0,00 |
| 26.в. | Останати финансиски расходи од поврзани друштва | 238 | 0,00 | 0,00 |
| 27. | Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 239 | 382.267,00 | 1.764.331,00 |
| 28. | Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва | 240 | 0,00 | 0,00 |
| 29. | Нереализирани загуби (расходи) од финансиски средства | 241 | 0,00 | 0,00 |
| 30. | Вредносно усогласување на финансиски средства и вложувања | 242 | 0,00 | 0,00 |
| 31. | Останати финансиски расходи | 243 | 0,00 | 0,00 |
| 32. | Удел во добивката на придружените друштва | 244 | 0,00 | 0,00 |
| 33. | Удел во загубата на придружените друштва | 245 | 0,00 | 0,00 |
| 34. | **Добивка од редовното работење (201+223+244) - (204-205+207+234+245)** | 246 | 354.755,00 | 260.585,00 |
| 35. | **Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245) - (201+223+244)** | 247 | 0,00 | 0,00 |
| 36. | Нето добивка од прекинати работења | 248 | 0,00 | 0,00 |
| 37. | Нето загуба од прекинати работења | 249 | 0,00 | 0,00 |
| 38. | Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249) | 250 | 354.755,00 | 260.585,00 |
| 39. | Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248) | 251 | 0,00 | 0,00 |
| 40. | Данок на добивка | 252 | 152.844,00 | 91.966,00 |
| 41. | Одложени даночни приходи | 253 | 0,00 | 0,00 |
| 42. | Одложени даночни расходи | 254 | 0,00 | 0,00 |
| НЕТО | **ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)** | 255 | 201.911,00 | 168.619,00 |
| НЕТО | **ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254)** | 256 | 0,00 | 0,00 |
| 45. | Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 257 | 337,00 | 332,00 |
| 46. | Број на месеци на работење (во апсолутен износ) | 258 | 12,00 | 12,00 |

2.1.Во продолжение се дадени расчленети сите приходи по категории нивната структура и споредба со истиот период изминатата година.

| р.бр. | Опис | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | %на раст | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| А | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **380.809.385,00** | **379.042.297,00** | **0,46%** | **100,00%** |
| 1 | **приход од водоснабдување** | 107.881.190,00 | 107.889.947,50 | **-0,01%** | 28,33% |
| а | од претпријатија | 35.515.099,00 | 37.950.270,00 | **-6,86%** | 9,33% |
| б | од домакинства | 62.790.921,50 | 58.073.143,00 | **7,51%** | 16,49% |
| в | приходи од услуги водоснабдување | 9.575.169,50 | 11.866.534,50 | **-23,93%** | 2,51% |

Кај приходите од водоснабдување во 2024 имаме зголемување од 0,46 % во однос на истиот период 2023 година како резултат на зголемување на приходите од водоснабдување од домакинства од 7,51%. Намалување од 6,86% имаме во реализацијата на количини на вода кај правните субјекти. Зголемување од 7,51 % имаме кај фактурирањето на домакинствата ваквиот пораст се должи на редовно отчитување на водомерите и дигитализацијата на поголемиот број домакинства со дигитални водомери.

Во продолжение се дадени фактурирани метри кубни вода, одведување на отпадни води и прочистување на отпадни води во анализираниот период:

| Категорија на потрошувач | јан-дек/2024 | јан-дек/2023 | % на раст |
|---|---|---|---|
| **Домаќинства** | | | |
| Водоснабдување | 1.945.860 | 1.862.884 | 4,26% |
| Одведување отпадни води | 1.672.702 | 1.636.862 | 2,14% |
| Прочистување отпадни води | 1.499.789 | 1.459.933 | 2,66% |
| **Стопанство** | | | |
| Водоснабдување | 784.575 | 804.176 | -2,50% |
| Одведување отпадни води | 528.326 | 521.340 | 1,32% |
| Прочистување отпадни води | 524.349 | 517.760 | 1,26% |
| **Вкупно Водоснабдување** | 2.730.435 | 2.667.060 | 2,32% |
| **Вкупно Одведување отпадни води** | 2.201.028 | 2.158.202 | 1,95% |
| **Вкупно Прочистување отпадни води** | 2.024.138 | 1.977.693 | 2,29% |

Фактурирани се вкупно 2.730.435 метри кубни во анализираниот период кој е зголемен за 2,32% како резултат на зголемена фактурирана количина кај домакинствата која се должи на дигитализацијата на водомерите со што се врши попрецизно отчитување на потрошувачката на вода.

Обработените количини на сирова вода во Филтер станицата во периодот Јануари - Декември изнесува **3.940.398** м$^{3-}$, додека вкупната набавена сурова вода за периодот изнесува **4.864.689,00** м$^{3}$.

| **НАБАВЕНА СУРОВА ВОДА ОД ВОДОСТОПАНСТВО ЗА 2024 ГОД.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **месец** | **набавена сурова вода во метри кубни** | **цена** | **износ** | **ддв5 %** | **вкупен износ по фактура** |
| јануари | **380.524** | 3,72 | 1.415.549,28 | 70.777,46 | 1.486.326,74 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| февруари | **360.035** | 3,72 | 1.339.330,20 | 66.966,51 | 1.406.296,71 |
| март | **336.654** | 3,72 | 1.252.352,88 | 62.617,64 | 1.314.970,52 |
| април | **382.153** | 3,72 | 1.421.609,16 | 71.080,46 | 1.492.689,62 |
| мај | **406.175** | 3,72 | 1.510.971,00 | 75.548,55 | 1.586.519,55 |
| јуни | **455.683** | 3,72 | 1.695.140,76 | 84.757,04 | 1.779.897,80 |
| јули | **507.798** | 3,72 | 1.889.008,56 | 94.450,43 | 1.983.458,99 |
| август | **506.648** | 3,72 | 1.884.730,56 | 94.236,53 | 1.978.967,09 |
| септември | **448.698** | 4,03 | 1.808.252,94 | 90.412,65 | 1.898.665,59 |
| октомври | **382.575** | 4,03 | 1.541.777,25 | 77.088,86 | 1.618.866,11 |
| ноември | **367.142** | 4,03 | 1.479.582,26 | 73.979,11 | 1.553.561,37 |
| декември | **330.604** | 4,03 | 1.332.334,12 | 66.616,71 | 1.398.950,83 |
| **ВКУПНО** | **4.864.689** | | 18.570.638,97 | 928.531,95 | 19.499.170,92 |

-Приходи од собирање на отпадни води:

| р.бр. | **Опис** | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | **%на раст** | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | **приходи од канализација** | 64.573.477,00 | 58.369.044,50 | **9,61%** | 16,96% |
| а | од претпријатија | 10.174.130,00 | 10.772.976,50 | **-5,89%** | 2,67% |
| б | од домакинства | 18.254.689,50 | 17.644.453,00 | **3,34%** | 4,79% |
| в | приходи од услуги од канализација | 36.144.657,50 | 19.428.357,00 | **46,25%** | 9,49% |
| г | услуги од изградба | 0,00 | 10.523.258,00 | **0,00%** | 0,00% |

Кај приходите од собирање отпадни води и изградба имаме зголемување од 9,61% што се должи на зголемување на приходот од изградба на канализациони линии од 46,25% приходите од канализација се на ниво од 2023 година со отстапување од 5,89% во негатива правните лица и 3,34% во позитива кај домакинствата.

Приходи од прочистување отпадни води:

| р.бр. | **Опис** | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | **%на раст** | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **прочистување на отпадни води** | 26.781.048,00 | 25.960.084,50 | **3,07%** | 7,03% |
| а | од претпријатија | 10.749.239,00 | 10.657.168,50 | **0,86%** | 2,82% |
| б | од домакинства | 16.031.809,00 | 15.302.916,00 | **4,55%** | 4,21% |

Приходите од прочистување на отпадни води бележат раст во 2024 од 3,07% во спредба со истиот период 2023 година и нивното учество во вкупните приходи изнесува 7,03%.

Приходи од погребни дејности:

| р.бр. | **Опис** | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | **%на раст** | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **приходи од погребни дејности** | 13.103.490,50 | 17.500.889,50 | **-33,56%** | 3,44% |
| а | приходи од гр.место, резервација , бет.рам | 1.923.510,50 | 6.294.626,00 | **-227,25%** | 0,51% |
| б | приходи од гробарина | 6.818.662,00 | 8.331.341,50 | **-22,18%** | 1,79% |
| в | приходи од оператори протокол | 2.953.340,00 | 2.651.246,00 | **10,23%** | 0,78% |
| г | наемнини капела | 1.407.978,00 | 223.676,00 | **84,11%** | 0,37% |

Приходите од погребни дејности во 2024 бележат намалување од 33,56% во споредба со 2023 година поради тоа што во претходната година имавме вонредно зголемување на приходите од гробни места поради отварањето на нова парцела.Во текот на изминатата 2024 година извршени се вкупно 453 погреби. Погребите ги извршуваа приватните оператори за погребни дејности "Марјан-С", "Марија Пласт" и "Игор и Б Интернационал". ЈПКД Комуналец Струмица како управител е задолжен да издава: Локациски места (гробно место),Протокол за регулациона , градежна и нивелациона линија,водење дневник и регистар на погребани лица, склучување на договори за носители на гробно место, наплата на гробарина (годишна такса).

Приходи од зеленило и изнесување на смет:

| р.бр. | **Опис** | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | **%на раст** | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | **зеленило** | 9.645.902,00 | 21.503.723,50 | **-122,93%** | 2,53% |
| | услуги од зеленило | 9.645.902,00 | 20.648.219,50 | **-114,06%** | |
| | наемнини зеленило | 0,00 | 855.504,00 | **0,00%** | |
| 5 | **изнесување на смет** | 130.394.231,00 | 121.091.618,50 | **7,13%** | 34,24% |
| а | од претпријатија | 47.399.439,00 | 55.438.741,00 | **-16,96%** | 12,45% |
| б | од домакинства | 57.746.138,00 | 57.437.428,50 | **0,53%** | 15,16% |
| в | приходи од услуги од изнесување на смет | 25.248.654,00 | 8.215.449,00 | **67,46%** | 6,63% |

Кај приходите од одделението за зеленило и разубавување на животна средина имаме намалена реализација во 2024 година што се должи на тоа што активностите за реконструкција и обнова на влезот на градскиот парк и цветниот парк кај тинекс, се започнати во ноември 2024 година и истите ке бидат завршени во 2025 година. Во изминатата година извршени се следните активности за одржување на зеленилото според Програмата за 2024 год. и тоа: окопување на цветни леи, прашење и окопување на ружи и садници, кроење на грмушки и дрвја, кроење на жива ограда, кроење на ружи, собирање на отпадоци, метење на патеки, правење на ивици по булевари, собирање на лист од зелени површини, садење на сезонско цвеке, садење на ружи, косење на зелени површини. Исто така надвор од програмата е одржувањето на детските

игралишта во Струмица и во населените места с.Дабиле и с.Добрејци. Во текот на изминатиот период од минатата 2024 година редовно се одржуваа сите зелени површини во населените места кои гравитираат околу градот Струмица.Се вршеше чистење и косење на истите. Исто така извршено е кроење на одредени дрвја и дрвореди и чистење на затревени површини покрај некои улици и тротоари во градот по пријава од граганите преку Систем 48.
Приходите од собирање на смет бележат значително зголемување од 7,13% , и приходите се во рамките на нормалните вредности за во овој период од годината, нивното учетсво во вкупните приходи изнесува 34.24%, додека пак распределбата на приходите од физички и правни лица во вкупните приходи изнесува 12,45% со 15,16 % во корист на физиките лица.

Приходи од пазари:

| р.бр. | Опис | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | %на раст | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | **Приходи од пазари(наемнина и такса)** | 13.267.405,00 | 13.578.944,00 | **-2,35%** | 3,48% |
| а | приходи од пазар Глобал | 5.188.200,50 | 5.367.431,00 | **-3,45%** | 1,36% |
| б | приходи од пазар Чешел | 1.142.366,50 | 1.203.012,50 | **-5,31%** | 0,30% |
| в | приходи од пазар Кантон | 117.305,50 | 143.389,50 | **-22,24%** | 0,03% |
| г | приходи од пазар Кванти | 6.819.532,50 | 6.865.111,00 | **-0,67%** | 1,79% |

Кај приходите од пазарите имаме намалување од -2,35% .Учеството на проходите од закупнина на пазаришен простор и пазарна такса во вкупните приходи учествува со 3,48%.

Останати приходи:

| р.бр. | Опис | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | %на раст | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | **Останати Приходи** | 15.162.641,50 | 13.148.045,00 | **13,29%** | 3,98% |
| а | приходи од наплата на судски адвокатски нотарски | 2.149.519,50 | 2.308.732,50 | **-7,41%** | 0,56% |
| б | приходи од камата | 2.065.647,00 | 1.867.468,50 | **9,59%** | 0,54% |
| в | приходи од наплатени спорни побарувања | 2.467.702,00 | 4.146.947,00 | **-68,05%** | 0,65% |
| г | приходи од долг.резервирања | 7.550.211,00 | 1.941.138,00 | **74,29%** | 1,98% |
| д | укинати обврски по надоместоци попис | 514.021,00 | 2.020.845,00 | **-293,14%** | 0,13% |
| ѓ | приходи од надомест на штети | 415.541,00 | 862.914,00 | **-107,66%** | 0,11% |

Останати приходи кои ги сочинуваат наведените во претходната табела учествуваат во вкупните приходи со 3,98% и кај нив имаме намалување во сите категории на приходи со исклучок на долгорочните резервирања тоа се надоместоци од постари години кои согласно процентот на наплата ги теретат останатите неоперативни приходи на претпријатието.

## 2.2.Остварени расходи за период од 01.01-31.12.2024 година споредено со истиот период 2023 година:

### 2.2.3 Материјални трошоци и амортизација

| р.бр. | Опис | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | %на раст | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| В | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **380.454.630,00** | **378.781.712,00** | **0,44%** | **100,00%** |
| 1 | **материјални трошоци и амортизација** | 169.970.691,00 | 192.783.722,50 | **-13,42%** | 44,68% |
| | трошоци за материјали | 44.725.147,50 | 51.348.268,00 | **-14,81%** | 11,76% |
| | трошоци за канцелариски материјали | 1.740.207,00 | 2.350.427,50 | **-35,07%** | 0,46% |
| | трошоци за хигиена и чистење | 405.888,00 | 2.414.778,50 | **-494,94%** | 0,11% |
| | трошоци за заштитини средства | 1.252.244,00 | 1.072.586,00 | **14,35%** | 0,33% |
| 1,2 | **трошоци за енергија** | 39.756.101,00 | 35.933.541,50 | **9,62%** | 10,45% |
| | електрична енергија | 23.765.526,00 | 20.356.889,50 | **14,34%** | 6,25% |
| | електрична енергија-администрација | 1.246.775,00 | 1.168.286,50 | **6,30%** | 0,33% |
| | гориво | 13.483.478,00 | 13.039.826,00 | **3,29%** | 3,54% |
| | гориво-администрација | 669.277,00 | 704.299,50 | **-5,23%** | 0,18% |
| | дрва-природен гас | 591.045,00 | 664.240,00 | **-12,38%** | 0,16% |
| 1,3 | **потрошени резервни делови** | 5.607.340,00 | 6.812.546,50 | **-21,49%** | 1,47% |
| 1,4 | **отпис на ситен инвентар** | 1.214.581,00 | 721.023,00 | **40,64%** | 0,32% |
| 1,5 | **транспортни услуги** | 3.494.754,00 | 2.944.534,50 | **15,74%** | 0,92% |
| | услуги во патен сообраќај | 5.880,00 | 15.290,00 | **-160,03%** | 0,00% |
| | ПТТ-услуги | 2.921.306,00 | 2.607.133,50 | **10,75%** | 0,77% |
| | трошоци за поштенски пратки | 567.568,00 | 322.111,00 | **43,25%** | 0,15% |
| 1,6 | **услуги за одржување** | 10.757.031,00 | 16.367.692,00 | **-52,16%** | 2,83% |
| | одржување софтвер | 981.836,50 | 921.001,50 | **6,20%** | 0,26% |
| | одржување опрема и градежни објекти | 2.621.766,50 | 3.550.662,50 | **-35,43%** | 0,69% |
| | сервисирање на возила | 7.131.206,00 | 5.570.218,00 | **21,89%** | 15,94% |
| | одржување и изградба на паркови | 22.222,00 | 6.325.810,00 | **-28366,43%** | 0,01% |
| | **услуги од граѓани работно ангажирани** | 22.701.784,00 | 20.166.118,00 | **11,17%** | 5,97% |
| 1,7 | **останати услуги** | 8.360.181,00 | 25.059.298,50 | **-199,75%** | 2,20% |
| | производни(ангажирање механизација) | 6.869.392,00 | 17.931.003,00 | **-161,03%** | 1,81% |
| | патарина | 666.365,50 | 6.001.783,00 | **-800,67%** | 0,18% |
| | регистрација | 360.259,00 | 359.141,00 | **0,31%** | 0,09% |
| | трошоци за контрола на квалитет | 149.935,50 | 333.741,50 | **-122,59%** | 0,04% |
| | трошоци за јавни огласи | 314.229,00 | 433.630,00 | **-38,00%** | 0,08% |
| 1,8 | **трошоци за закупнина** | 835.774,00 | 794.793,00 | **4,90%** | 0,22% |
| 1,9 | **Амортизација** | 29.119.658,50 | 26.798.115,50 | **7,97%** | 7,65% |

Вкупните расходи на ЈПКД Комуналец Струмица за 2024 година изнесуваат **380.454.630,00 денари** и се зголемени за 0,44% во споредба со истиот период 2023 година. Во оваа група на трошоци имаме намалување кај сите видови на трошоци почнувајќи од трошоците

за материјали кои се намалени за 13,42%, трошоци за канцелариски материјали намалени за 35,07%, во 2024 година за вработените во сите организациони процеси имаше набавка на нова заштитна опрема со што овие трошоци се зголемени за 14,35%.
Во делот на материјалните трошоци и амортизација спаѓаат трошоците за суровини и материјали, трошоците за енергија, потрошени резервни делови, ситен инвентар транспортните услуги, услугите за одржување, производните услуги и амортизацијата на градежните објекти, опремата и нематеријалните средства
Истите учествуваат со 44,68 % во вкупните расходи на претпријатиeто и во споредба со истиот период за 2023 година се зголемени за 9,62% што е резултат на повторно влошување на енергетската криза и пораст на цените на електричната енергија. Кај трошокот за електрична енергија во табелата што следува се дадени потрошените киловат часови по месеци во 2024 споредбено со истиот период 2023 година:

| | 2023 | | 2024 | |
|---|---|---|---|---|
| **месеци** | ВКУПНО kWh | ВКУПНО МКД | ВКУПНО kWh | ВКУПНО МКД |
| јануари | 191.457,00 | 1.712.445,50 | 224.847,00 | 1.827.029,50 |
| февруари | 186.447,00 | 1.678.410,00 | 195.431,00 | 1.401.025,50 |
| март | 218.352,00 | 1.650.465,00 | 205.967,00 | 1.412.457,50 |
| април | 190.313,56 | 1.552.309,50 | 194.461,51 | 1.290.065,50 |
| мај | 203.890,00 | 1.898.220,00 | 200.963,00 | 1.598.470,50 |
| јуни | 219.048,00 | 1.712.362,50 | 226.557,00 | 2.354.656,50 |
| јули | 233.184,00 | 1.855.813,50 | 227.172,00 | 2.603.396,00 |
| август | 213.571,00 | 2.010.145,50 | 193.084,00 | 2.021.591,00 |
| септември | 193.969,00 | 1.898.659,50 | 200.075,00 | 1.894.722,50 |
| октомври | 199.849,48 | 1.944.530,00 | 226.870,00 | 1.946.535,50 |
| ноември | 203.286,00 | 1.916.999,00 | 291.050,00 | 3.742.897,00 |
| декември | 199.713,69 | 1.653.979,00 | 245.089,00 | 2.919.354,00 |
| Вкупно | 2.453.080,73 | 21.484.339,00 | 2.631.566,51 | 25.012.201,00 |

Во дадената табела јасно се гледа дека трошокот во 2023 година за електрична енергија изнесува 21.484.339 или 2.453.080 киловат часови. Додека пак во 2024 година трошокот за електрична енергија изнесува 25.012.201,00 денари што во апсолутен износ е поголем за 3.527.862,00 денари. Во продолжение е дадена табела за трошоците за суровини и материјали и енергија во 2024 споредбено со претходната 2023 година.

| Конто | Назив | износ |
|---|---|---|
| 40001 | ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 12.458.873,61 |
| | Споредбен период 2023 година | 21.112.237,70 |

| | | |
|---|---|---|
| 40002 | ТРОШОЦИ ЗА СУРОВА ВОДА | 18.570.639,00 |
| | Споредбен период 2023 година | 18.099.701,50 |
| 40003 | ТРОШОЦИ ЗА ХЕМИКАЛИИ ЗА ОБРАБОТКА НА ВОДА | 4.945.188,63 |
| | Споредбен период 2023 година | 8.557.120,21 |
| 40004 | ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ ХИГИЕНА | 405.888,04 |
| | Споредбен период 2023 година | 2.414.778,58 |
| 40005 | ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ-ПОМ.УСЛУГИ | 8.373.162,98 |
| | Споредбен период 2023 година | 3.241.822,09 |
| 40006 | ТРОШОЦИ ЗА ЗАШТИТНИ СРЕДСТВА РАБОТНА ОБЛЕКА И ОБУВКИ | 1.252.244,25 |
| | Споредбен период 2023 година | 1.072.586,00 |
| 40007 | ТРОШОЦИ ЗА ПОМОШЕН МАТЕРИЈАЛ | 377.283,50 |
| | Споредбен период 2023 година | 337.386,74 |
| **400** | **ПОТРОШЕНИ СУРОВИНИ И МАТЕРИЈА-ЛИ** | **46.383.280,01** |
| | Споредбен период 2023 година | **54.835.632,82** |
| 40106 | КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛ-АДМИНИСТРАЦИЈА | 1.740.207,00 |
| | Споредбен период 2023 година | 2.350.427,50 |
| **401** | **ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ(АДМИНИСТРАЦИЈА)** | **1.740.207,00** |
| | Споредбен период 2023 година | **2.350.427,50** |
| 40201 | ТРОШОЦИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА | 23.765.526,00 |
| | Споредбен период 2023 година | 20.356.889,50 |
| 40204 | ТРОШОЦИ ЗА ГОРИВО | 11.374.538,14 |
| | Споредбен период 2023 година | 11.085.264,58 |
| 40206 | ТРОШОЦИ ЗА ПРИРОДЕН ГАС | 431.379,50 |
| | Споредбен период 2023 година | 450.953,50 |
| 40208 | ТРОШОЦИ ЗА МОТОРНИ МАСЛА | 2.108.939,82 |
| | Споредбен период 2023 година | 1.954.561,19 |
| **402** | **ТРОШОЦИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА** | **37.680.383,46** |
| | Споредбен период 2023 година | **33.847.668,77** |
| 40300 | ТРОШОЦИ ЗАЕЛЕКТ.ЕНЕРГИЈА-АДМИНИСТРАЦИЈА | 1.246.775,00 |
| | Споредбен период 2023 година | 1.168.286,50 |
| 40301 | ТРОШОЦИ ЗА ПРИРОДЕН ГАС-АДМИНИСТРАЦИЈА | 159.665,50 |
| | Споредбен период 2023 година | 213.286,50 |
| 40303 | ТРОШОЦИ ЗА ГОРИВО-АДМИНИСТРАЦИЈА | 669.277,02 |
| | Споредбен период 2023 година | 704.299,56 |
| **403** | **ТРОШОЦИ ЗА ГОРИВО,ЕЛЕК.ЕНЕРГ.ДРВА** | **2.075.717,52** |
| | Споредбен период 2023 година | **2.085.872,56** |
| 40401 | ТРОШОЦИ ЗА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ | 905.579,50 |
| | Споредбен период 2023 година | 1.241.288,72 |
| 40402 | ТРОШОЦИ ЗА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ | 4.660.251,42 |
| | Споредбен период 2023 година | 5.310.405,97 |
| **404** | **ПОТРОШЕНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ** | **5.565.830,92** |
| | Споредбен период 2023 година | **6.551.694,69** |
| 40500 | РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ-АДМИНИСТРАЦИЈА | 41.508,74 |
| | Споредбен период 2023 година | 260.851,80 |
| **405** | **ТРОШОЦИ ЗА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И МАТЕРИЈАЛИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ АДМИНИС** | **41.508,74** |
| | Споредбен период 2023 година | **260.851,80** |
| 40700 | ИСПРАВКА НА СИТЕН ИНВЕНТАР | 467.581,00 |
| | Споредбен период 2023 година | 631.634,10 |
| 40701 | ТРОШОЦИ ЗА АВТОГУМИ | 747.000,00 |
| | Споредбен период 2023 година | 87.554,00 |
| **407** | **ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР** | **1.214.581,00** |

| | | |
|---|---|---|
| | Споредбен период 2023 година | **719.188,10** |
| 40800 | ИСПРАВ.НА СИТЕН ИНВЕНТАР-АДМИНИС | 0,00 |
| | Споредбен период 2023 година | 1.835,00 |
| **408** | **ИСПРАВКА НА СИТЕН ИНВЕНТАР** | **0,00** |
| | Споредбен период 2023 година | **1.835,00** |

Трошокот за гориво за 2024 година изнесува 13.483.478,00 денари и е зголемен за 3,29 % во однос на истиот период 2023 година, во прилог табела за потрошувачка на нафта количински и вредносно за период 01.01-31.12.2024 година споредено со 2023 година.

**Материјално**

| Идент | Назив | 2024 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Количина | Вредност | Количина | Вредност |
| 04-3260 | НАФТА | 181.361,50 | 11.113.254,00 | 167.555,00 | 10.809.609,00 |
| 04-3584 | БЕНЗИН | 12,545,80 | 873.730,00 | 12.326,50 | 845.250,00 |

Трошокот за резервни делови се однесува на употребените залихи од магазините, издадени резервни делови за тековно одржување на средствата за работа, и за тековно одржување на транспортните средства.

Отписот на ситен инвентар согласно важечките сметководствени политики, ситниот инвентар чија набавна вредност е помала од 500 евра во денарска противвредност и чиј корисен век е помал од една година веднаш се признава сметководствено како расход.Ваквиот трошок бележи значително зголемување во однос на 2023 година од 40,64%, но неговото учество во вкупните трошоци изнесува само 0,32%.
Услугите со карактер на материјални трошоци ги опфаќаат транспортните услуги, услуги за одржување, закупнината и производните услуги. Транспортните услуги ги опфаќаат трошоците за мобилна и фиксна телефонија кои се движат на ниво од претходниот период зголемени за 15,74%, и трошоците за поштенски пратки кои се зголемени за 43,25% како резултат на испраќање опомени и конфирмации со цел подобрување на наплатата, мегутоа нивното вкупно учество во вкупните расходи изнесува 0,92 %.
Услугите за одржување се намалени за 52,16% пред се како резултат на ставката одржување и реконструкција на паркови каде по налог на Општина Струмица се изврши започнување со целосна реконструкција на влезот на градскиот парк во месеците ноември и декември мегутоа нивната реалзиција е предвидена за 2025 година каде ке имаме импликации на расходниот но и на приходниот дел од билансот на успех, и ова ставка зазема најголем дел од трошоците за одржување.

Кај услугите од граѓани работно ангажирани т.е сезонски работници во 2024 имаме зголемување од 11,17% во споредба со истиот период 2023 година како резултат на зголемена потреба од сезонски работници поради голем број на пензионирања во третиот квартал 2024 година согласно новиот закон за ПИО и секако зголемените трошоци за работна сила генерално на пазарот на трудот.
Производните услуги бележат огромно намалување од како резултат на намалување на ставката ангажирање на механизација со која претпријатието не располага а се користи при чистењето на одводните канали, изведувањето на нови канализациони линии и водоводни линии и расчистување на диви депонии на територија на општина Струмица, при овие активности менаџментот на претпријатието максимално ги користеше сопствените ресурси за задоволување на потребите на граганите и успешно ги менаџираше ограничените ресурси со што се постигна очигледен резултат во намалување на овие трошоци за 16.699.117,50 денари.

| р.бр. | **Опис** | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | **%на раст** | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 1,7 | **останати услуги** | 8.360.181,00 | 25.059.298,50 | **-199,75%** | 2,20% |
| | производни(ангажирање механизација) | 6.869.392,00 | 17.931.003,00 | **-161,03%** | 1,81% |
| | услуги за изградба на јавни објекти | 666.365,50 | 6.001.783,00 | **-800,67%** | 0,18% |
| | регистрација и патарина | 360.259,00 | 359.141,00 | **0,31%** | 0,09% |
| | трошоци за контрола на квалитет | 149.935,50 | 333.741,50 | **-122,59%** | 0,04% |
| | трошоци за јавни огласи | 314.229,00 | 433.630,00 | **-38,00%** | 0,08% |

Амортизацијата на основните средства бележи зголемување од 7,97% како резултат на новонабавените транспортни средства во претходниот период, учеството на трошокот за амортизација во вкупните трошоци изнесува 7,65%. Во прилог е даден рекапитулар за набавната, исправката и сегашната вредност на основни средства по класификации во период 01.01/2024-31.12/2024 година:

| **Класификација** | **Набавна вредност** | **Исправка на вредноста** | **Неотпишана вредност** |
|---|---|---|---|
| АЛ - Алат, погонски инвентар и мебел | 17.538.264,50 | 11.624.887,50 | 5.913.377,00 |
| ГО - Градежни објекти | 507.541.803,50 | 222.522.514,00 | 285.019.289,50 |
| ИТ - Инвестиции во тек - Подготовка | 8.662.093,00 | 0,00 | 8.662.093,00 |
| КА - Капела | 792.439,00 | 792.439,00 | 0,00 |
| КО - Компјутери | 23.679.505,50 | 20.947.275,00 | 2.732.230,50 |
| НЕ - Недвижнини | 7.257.327,50 | 0,00 | 7.257.327,50 |
| ПС - Постројки и опрема | 89.622.824,00 | 76.865.939,00 | 12.756.885,00 |
| СФ - Софтвер | 3.390.382,50 | 3.390.382,50 | 0,00 |
| ТС - Транспортни Средства | 98.989.454,50 | 75.387.432,50 | 23.602.022,00 |
| **ВКУПНО** | **757.474.094,00** | **411.530.869,50** | **345.943.224,50** |

## 2.2.4 Нематеријални трошоци

| р.бр. | Опис | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | %на раст | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | **Нематеријални трошоци** | 25.127.976,50 | 17.363.020,00 | **30,90%** | 6,60% |
| 2,1 | **надомест на работници** | 968.765,00 | 984.574,00 | **-1,63%** | 0,25% |
| | дневници за службени патувања | 666.164,00 | 677.890,00 | **-1,76%** | 0,18% |
| | сместување при службени патувања | 302.601,00 | 306.684,00 | **-1,35%** | 0,08% |
| 2,2 | **Други лични примања на вработени** | 11.086.342,00 | 3.666.823,00 | **66,92%** | 2,91% |
| | Регрес за годишен одмор | 8.291.994,00 | 0,00 | **100,00%** | 2,18% |
| | помош во случај на смрт на вработени | 0,00 | 519.392,00 | **0,00%** | 0,00% |
| | отпремнина | 1.953.184,00 | 1.388.159,00 | **28,93%** | 0,51% |
| | останати лични примања на вработени | 841.164,00 | 1.759.272,00 | **-109,15%** | 0,22% |
| 2,3 | трошоци за управни органи | 460.030,00 | 704.492,00 | **-53,14%** | 0,12% |
| 2,4 | банкарска провизија | 1.299.565,00 | 1.222.062,00 | **5,96%** | 0,34% |
| 2,5 | трошоци за спонзорство | 484.153,00 | 596.447,00 | **-23,19%** | 0,13% |
| 2,6 | репрезентација | 742.707,50 | 1.314.843,50 | **-77,03%** | 0,20% |
| 2,7 | премии за осигурување | 503.542,50 | 50.846,50 | **89,90%** | 0,13% |
| 2,8 | реклама и пропаганда | 333.209,00 | 443.636,00 | **-33,14%** | 0,09% |
| 2,9 | членарина за комунални и стоп. Асоцијации | 207.664,00 | 259.161,00 | **-24,80%** | 0,05% |

Во табела 2.2.4 се дадени расчленети нематеријалните трошоци, нивното вкупно учество во вкупните трошоци изнесува 6,60%, со што се надминува прагот од 5% и претпријатието треба да работи на намалување на истите но и да не се влијае на продуктивноста на останатите трошоци. Кај надоместот на работници имаме намалување од 1,63% поради намалувањето на дневниците за службени патувања но нивното учество во вкупните расходи е само 0,26%, другите лични примања на вработени се зголемени поради тоа што исплатата на регресот за годишен одмор во 2024 година согласно колективниот договор на претпријатието се исплати во износ од 60% од просечната плата.Останатите лични примања на вработени се однесуваат на исплати за хранарина и превоз за нокните часови на работа и за време на прекувремената работа, истите се намалени за 109,15% но нивното учество во вкупните трошоци изнесува 0,22%.
Регресот за годишен одмор е вкалкулиран како обврска во 2024 година која ке се исплати во 2025 година, отпремнината е зголемена за 28,93% поради зголемениот број на пензионирања во 2024 година.

## 2.2.5 Останати нематеријални трошоци

| р.бр. | Опис | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | %на раст | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| **2,1** | **останати нематеријални трошоци** | 9.041.998,50 | 8.120.135,00 | **10,20%** | 2,38% |
| 2,11 | трошоци за одобренија за комитенти | 236.763,00 | 501.372,00 | **-111,76%** | 0,06% |
| 2,12 | адвокатски услуги | 1.666.891,00 | 1.366.031,00 | **18,05%** | 0,44% |
| 2,13 | здравствени услуги | 1.826.690,00 | 1.541.178,00 | **15,63%** | 0,48% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2,14 | трошоци за стручна литература | 582.011,50 | 257.789,50 | **55,71%** | 0,15% |
| 2,15 | трошоци за компјутерски услуги и делови | 474.933,50 | 735.077,00 | **-54,77%** | 0,12% |
| 2,16 | нотарски трошоци | 2.214.243,00 | 1.353.079,00 | **38,89%** | 0,58% |
| 2,17 | извршни трошоци | 183.595,00 | 505.738,50 | **-175,46%** | 0,05% |
| 2,18 | Трошоци за судски такси | 429.770,00 | 197.451,00 | **54,06%** | 0,11% |
| 2,19 | трошоци за ревизија на фин извештаи | 120.000,00 | 0,00 | **100,00%** | 0,03% |
| 2,2 | трошоци за огласи за јавни набавки | 332.305,50 | 325.085,50 | **2,17%** | 0,09% |
| 2,21 | трошоци за проектна документација | 275.115,00 | 448.633,50 | **-63,07%** | 0,07% |
| 2,22 | други нематеријални трошоци | 699.681,00 | 888.700,00 | **-27,02%** | 0,18% |

Останатите нематеријални трошоци бележат зголемување од 10,20%, нивното учество во вкупните трошоци изнесува 2,38%.
Зголемување имаме кај нотарските трошоци од 38,89% , зголемување на адвокатските трошоци за 18,05%, трошоците за судските такси исто така бележат зголемување но нивното учество во вкупните трошоци изнесува само 0,11%. Значително намалување имаме кај трошоците за одобренија за комитенти во процент поголем од 100, поради извршените контроли на аналогните водомери но учеството на овие трошоци во вкупните е само 0,06%. Во голем процент се намалени и останатите нематеријални трошоци во однос на истиот период минатата година се со цел за намлување на непродуктивните трошоци во време на енергетска криза.

### 2.2.6 Бруто плати и трошоци на вработени

| р.бр. | Опис | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | %на раст | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **БРУТО ПЛАТИ** | 184.470.499,00 | 166.219.843,00 | **9,89%** | 48,49% |
| | Нето плати | 123.396.135,00 | 111.275.908,00 | **9,82%** | 32,43% |
| | Придонеси од плата | 51.645.382,00 | 46.542.109,00 | **9,88%** | 13,57% |
| | Даноци од плата | 9.428.982,00 | 8.401.826,00 | **10,89%** | 2,48% |

Кај бруто платите имаме зголемување од 9,89% како резултат на новиот општ колективен договор за минимална плата од месец септември 2023 година кој предизвика и раст на бруто платата во 2024 година, во однос на истиот период 2023 година и секако минимално зголемениот број на вработени. Трошокот за бруто плата во вкупните трошоци изнесува 48,49%, додека трошокот за бруто плата во вкупните приходи учествува со 44,44%, што е многу висок процент и голем пораст на ставката бруто плати во апсолутен износ од 18.250.656,00 денари во однос на 2023 година.Во услови на постојан притисок за раст на платите за задржување на работниците, претпријатиeто се соочува со намалена ликвидност во делот на навремена исплата на платите и сервисирање на обврските спрема добавувачите.

## 2.2.7 Расходи на финансирање

| р.бр. | Опис | Јануари-Декември 24 | Јануари-Декември 23 | %на раст | % учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | **Расходи на финансирање** | 837.963,50 | 2.442.626,50 | **-191,50%** | 0,22% |
| | Камати | 382.267,00 | 1.764.331,00 | **-361,54%** | 0,10% |
| | Вредносно усогласување на побарувања | 25.083,00 | 236.853,00 | **-844,28%** | 0,01% |
| | Казни пенали надомест на штети | 167.513,00 | 118.939,00 | **29,00%** | 0,04% |
| | останати расходи | 64.197,00 | 5.302,50 | **91,74%** | 0,02% |
| | расходи врз основа на директен отпис | 167.977,50 | 259.480,50 | **-54,47%** | 0,04% |
| | кало растур крш и расипување по попис | 30.926,00 | 57.720,50 | **-86,64%** | 0,01% |

Учеството на расходите на финансирање во вкупните расходи изнесува 0,22% истите се состојат од камати за задоцнување при исплата на спогодбени договори, вредносно усогласување на побарувања, казни пенали и надомест на штети, расходи врз основа на директен отпис итн. Согласно законските прописи вредносоно се усогласени утужени побарувања од 2016 година кои сеуште не се наплатени и за кои имаме судска пресуда, доколку истите во иднина се наплата ке имаме приходи од наплата на спорни побарувања и даночен кредит во даночен биланс за оданочување со данок на добивка.Каматите во 2024 година се значително намалени.

# 3 Биланс на состојба

**ЈПКД КОМУНАЛЕЦ СТРУМИЦА**
**ЕДБ: МК 4027989105248**

Ул. Климент Охридски бр.35 Б 2400 СТрумица
Е-меил: jpkd.komunalec@hotmail.com

